НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ... INSTITUCIONI NACIONAL ... TEATRI I GOSTIVARIT ... ГОСТИВАР - GOSTIVAR
26. 12. 2025
03 161/2

**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**
**ИП 1 бр. 57-75**
**Датум: 23.12.2025 година**

### 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-Гостиварски театар - Гостивар | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Браќа Ѓиноски“ бб - Гостивар | |
| Адреса за е-пошта | teatrigv@gmail.com | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | 7325789 | |
| Даночен број на субјектот | 4007018526475 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180106276660315 | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта teatrigv@gmail.com |

### 2) Податоци за инспекцискиот надзор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 09.12.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 23.12.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа - Гостиварски театар - Гостивар | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Изведувачка уметност (шифра: 90.01) | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | ул. „Браќа Ѓиноски“ бб - Гостивар |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам ИП1 бр. 57-75 од 04.12.2025 г. (надзорот е предвиден согласно со Месечниот план за работа за м. декември 2025 г., бр. 57-953/11 од 04.12.2025 г.)

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Дарко Аџиевски, помошник главен инспектор, при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МКТ)**.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е: работењето на Националната установа-Гостиварски театар-Гостивар **(во натамошниот текст: Театар)**, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија” бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25 - **во натамошниот текст: ЗК)**, а во врска со наводите од **анонимните иницијативи заведени во писарницата на МКТ под ИП 1 бр. 57-75 од 21.11.2025г. и ИП1 бр.57-76 од 21.11.2025 година.**

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.**

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , директор | | teatrigv@gmail.com |

8) За **време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето:**

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | , архивар | / |

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 2. | соработник за финансиско и материјално работење | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При надзорот е извршен увид во следната документација:

- Тековна состојба бр. 0805-50/155020230039169 од 12.04.2023 г., издадена од Централниот регистар на РСМ, Регионална регистрациона канцеларија Гостивар;
- Решение на министерот за култура бр. 44-9115/3 од 1.11.2023 г., за именување на претседател на Управниот одбор на НУ-Гостиварски театар-Гостивар со кое е избран со мандат од 4 години;
- Решение на министерот за култура бр. 44-9979/1 од 3.9.2019 г., за именување на претседател на Управниот одбор на НУ-Гостиварски театар- Гостивар со кое е избран со мандат од 4 години;
- Изјава од директорот од 10.12.2025 г., за ангажирање на лицето во НУ-Гостиварски театар- Гостивар;
- Изјава од директорот од 10.12.2025 г., за ангажирање на лицето во НУ-Гостиварски театар- Гостивар;
- Известување од Агенција за авторски права МОТИВИ ПЛУС за ангажирање на лицето од НУ- Гостиварски театар-Гостивар;
- Авторски договор бр. 03-1283 од 28.11.2024 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, за режија на претставата „Цилиндар“, во нето износ од 269.120 денари;
- Фактура бр.1204/24 од 28.11.2024г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 295.000 денари за авторски надомест за режија на проект „Цилиндар“ на ;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 05.12.2024 г., по ф-ра 1204/24 во износ од 147.500 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 17.12.2024 г., по ф-ра 1204/24 во износ од 45.108 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 15.07.2025 г., по ф-ра 1204/24 во износ од 102.392 денари;


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Авторски договор бр. 03-1302 од 02.12.2024 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за дизајн на постер, изработка на фотографии и режија на претставата „Цилиндар“, во нето износ од 55.357 денари;
- Фактура бр.1223/24 од 02.12.2024г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 62.000 денари за авторски надомест на за дизајн на постер, фотографии и режија на проект „Цилиндар“;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 05.12.2024 г., по ф-ра бр.1223/24 на износ од 31.000 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 17.12.2024 г., по ф-ра бр.1223/24 на износ од 31.000 денари;
- Решение за преведување на средства бр.20-2067/11 од 03.12.2024 на корисникот НУ Гостиварски театар од Гостивар, прва исплата за претставата „Цилиндар“ од автор , режија во износ од 700.000 денари;
- Решение за преведување на средства бр.20-1750/2 од 02.04.2025 г., на НУ-Гостиварски театар од Гостивар, втора исплата за претставата „Цилиндар“ од автор во износ од 185.000 денари;
- Авторски договор бр. 03-1262 од 25.11.2024 г., склучен меѓу Театарот и , застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за дизајн на постер, изработка на фотографии и режија на претставата „Слуга на два патрони“, во нето износ од 55.357 денари;
- Фактура бр.1185/24 од 25.11.2024г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 62.000 денари за авторски надомест на , за дизајн на постер, фотографии и режија на проект „Слуга на два патрони“;
- Известување од Агенција МОТИВИ ПЛУС, во врска со договор бр.03-1262 од 25.11.2024 и фактура бр.1185/24 од 25.11.2025 г., за корегирана грешка во описот на услугата за режија за ангажирано лице од страна на НУ Гостиварски театар, со точен опис ангажиран за дизајн на постер, изработка на фотографии и снимање на претставата “Слуга на двата патрони„;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр. 22 од 28.11.2024 г., по ф-ра бр.1185/24 за на износ од 31.000 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр. 30 од 23.12.2024 г., по ф-ра бр.1185/24 за на износ од 31.000 денари;
- Решение за преведување на средства бр.20-2067/8 од 31.10.2024 на НУ-Гостиварски театар од Гостивар, прва исплата за претставата „Слуга на два патрони“ од автор во износ од 800.000 денари;


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Решение за преведување на средства бр.20-2067/13 од 19.12.2024 на НУ-Гостиварски театар од Гостивар, последна исплата за претставата „Слуга на два патрони“ од автор , режија во износ од 215.000 денари;
- Образец за оперативен и финансиски план за проектот- претставата „Слуга на два патрони“ од автор , режија ;
- Авторски договор бр. 03-450 од 18.06.2025 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за изработка на постер за претставата „Маниак“, во нето износ од 53.572 денари;
- Фактура бр.446/25 од 19.06.2025г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 60.000 денари за авторски надомест на за изработка на постер за претставата „Маниак“;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 30.06.2025 г., за извршена исплата на горенаведената фактура од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, по ф-ра бр. 446/25 за на износ од 60.000 денари;
- Решение за преведување на средства бр.20-1750/6 од 22.07.2025 г., на корисникот НУ Гостиварски театар од Гостивар, последна исплата за претставата „Маниак“ од автор , режија во износ од 150.000 денари;
- Образец за наративен и финансиски извештај за проект-претставата „Маниак“ од автор режија
- Авторски договор бр. 03-609 од 16.09.2025 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за видео материјали, дизајн на постери и принтање на постери за претставата „Човек кој ја видел смрта со свои очи“ од во нето износ од 51.970 денари;
- Фактура бр.678/25 од 16.09.2025г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 59.500 денари за авторски надомест на за изработка на видео материјали, дизајн на постери и принтање на постери за претставата „Човек кој ја видел смрта со свои очи“;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 24.09.2025 г., за извршена исплата од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, по ф-ра бр.678/25 за на износ од 29.750 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 13.11.2025 г., за извршена исплата од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, по ф-ра бр.678/25 за на износ од 29.750 денари;
- Решение за преведување на средства бр.20-1750/7 од 09.09.2025 г., на корисникот НУГостиварски театар од Гостивар, прва исплата за претставата „Човек кој ја видел смрта со свои очи“ од автор и режија во износ од 600.000 денари;


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

- Решение за преведување на средства бр.20-1750/8 од 31.10.2025г., на НУ Гостиварски театар од Гостивар, последна исплата за претставата „Човек кој ја видел смрта со свои очи“ од автор и режија во износ од 150.000 денари;
- Авторски договор бр. 03-292 од 27.03.2023 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за изработка на постер и фотографирање на претставата „Не се обложувај на англичаните“ од автор , а во режија на , во нето износ од 53.572 денари;
- Фактура бр.239/23 од 27.03.2023г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 60.000 денари за авторски надомест на по Договор бр. 03-292;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот од 01.06.2023 г., за извршена исплата по ф-ра бр.239/23 од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, за на износ од 60.000 денари;
- Авторски договор бр. 03-699 од 09.07.2023 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за дизајн, изработка на постер за претставата „Карантина“ од автор , во нето износ од 58.036 денари;
- Фактура бр.623/23 од 03.07.2023г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 65.000 денари за авторски надомест на по Договор бр. 03-699;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр.27 од 17.07.2023 г., за извршена исплата на горенаведената фактура од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, по ф-ра бр.623/23 за на износ од 32.500 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр.1 од 15.12.2023 г., по ф-ра бр.623/23 за на износ од 18.685 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр.1 од 17.01.2024 г., по ф-ра бр.623/23 за на износ од 13.815 денари;
- Авторски договор бр. 03-310 од 29.03.2023 г., склучен меѓу Театарот и застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран за изработка на постер и фотографирање за претставата „Чорба од канаринец“ во режија на во нето износ од 58.036 денари;
- Фактура бр.256/23 од 29.03.2023г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 65.000 денари за авторски надомест на по договор бр. 03-310;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр.10 од 12.04.2023 г., по ф-ра бр.623/23 за на износ од 32.500 денари;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр.25 од 13.07.2023 г., по ф-ра бр.623/23 за на износ од 32.500 денари;


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Авторски договор бр. 03-541 од 16.07.2025 г., склучен меѓу Театарот и [redacted] застапуван од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, ангажиран како автор, режија и актер за проектот - претставата „Современи приказни од Езоп“ во нето износ од 249.785 денари;
- Фактура бр.541/25 од 17.07.2025г., од „Мотиви плус“ ДООЕЛ – Скопје, на бруто износ од 276.750 денари за автор, режија и актер за проект Современи приказни од Езоп“ на лицето [redacted] по договор бр. 03-541;
- Банковен извод од буџетската сметка на Театарот бр.28 од 29.07.2025 г., по ф-ра бр.541/25 за [redacted] на износ од 138.375 денари;
- Решение за преведување на средства бр.20-1750/5 од 08.07.2025г., на корисникот НУ Гостиварски театар од Гостивар, прва исплата за претставата „Современи приказни од Езоп“ адаптација и режија од [redacted], во износ од 300.000 денари;
- Образец за оперативен и финансиски план за проектот- претставата „Современи приказни од Езоп“ адаптација и режија од [redacted], на износ од 400.000 денари;
- Образец за оперативен и финансиски план за проектот – претставата „Цилиндар“ бр. 02-130/2 од 13.11.2024г.,
- Образец за наративен и финансиски извештај за проектот – претставата „Цилиндар“ бр.05-99/1 од 30.06.2025г.,
- Изјава од директорот [redacted] од 18.12.2025г., за 1. Проект, претстава „Цилиндар“, 2. ангажирање на лицето [redacted] и 3. материјални трошоци на установата; и
-Договор бр. 20-1750/4 од 25.02.2025 г., за учество во финансирање на годишната програма за работа на НУ-Гостиварски театар- Гостивар за 2025 година од областа на драмската дејност.

**Од увидот во горенаведената документација и разговорите со присутните лица, констатирани се следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. Во анонимната Иницијатива, заведена во писарницата на МКТ под ИП1 бр. 57-76 од 21.11.2025г., е наведено дека „претседателот на Управниот одбор на Театарот во Гостивар, [redacted] преку пријателски односи со директорот на театарот, [redacted] овозможил ангажирање на неговиот син г. [redacted] повекепати за извршување на услуги како: дизајнер на промотивни материјали, фотограф на театарски активности, и како режисер на театарска претстава“.

Во врска со гorенаведеното, Иницијативата е доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Скопје на ден 27.11.2025г., која е надлежен орган во однос на примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Исто така, и анонимната Иницијатива, заведена во писарницата на МКТ под ИП1 бр. 57-75 од 21.11.2025г., со наводите дека „во претставата „Модерна бајка“, актерот е претставен како актер во уметничката програма, додека во договорот е наведено дека е режисер преку агенцијата, и според официјалните податоци, лицето е сеуште студент на Факултетот за драма при Универзитетот во Тетово“, односно „дали лице без универзитетска диплома може да биде ангажирано како режисер на претстава со висок хонорар, дали овој ангажман претставува конфликт на интереси, имајќи предвид дека студентот е под менторство на директорот на Театарот , истата Иницијатива ќе биде доставена на надлежност до Државната комисија за спречување на корупцијата, Скопје.

Во однос на наводите од горенаведената Иницијатива, дали лице без универзитетска диплома може да биде ангажирано како режисер на претстава со висок хонорар, при инспекцискиот надзор е утврдено дека Министерството за култура и туризам со НУ-Гостиварски театар Гостивар, склучило Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ-Гостиварски театар Гостивар за 2025 година од обласа на драмската дејност бр.20-1750/1 од 25.2.2025 г., Барање за измена на годишната програма и доставување на нови обрасци од НУ Гостиварски театар бр.04-76/5 од 28.5.2025 г., Одлука за усвојување на измена на годишна програма за 2025 година на НУ-Гостиварски театар Гостивар бр.02-76/5 од 28.5.2025 г., Образец за нацрт годишна програма на националните установи за 2025 година за проект од обалста на драмската дејност бр.01-76/4 од 28.5.2025 г., Мислење од Комисијата за драмска дејност за 2025 година бр. 20-5994/2 од 16.6.2025г., и Анекс кон Договорот бр. 20-1750/4 од 17.6.2025 г., во кој како замена се додава претставата „Современи приказни од Езоп“ – адаптација и режија на

Оттука, врз основа на горенаведената документација, е утврдено дека Министерството за култура и туризам дала согласност за реализација на претставата „Современи приказни од Езоп“, во адаптација и режија на со одобрени средства во износ од 400.000 денари.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Во врска со наводите од горенаведените анонимни иницијативи, вонредниот инспекциски надзор е извршен врз основа на надлежностите од Законот за културата, пред се во однос на ангажманот и **наменското користење на буџетските средства** при исплатата на надоместокот за лицето , при реализацијата на проектите од годишните програми за работа на Театарот, како и за ангажманот и наменското користење на буџетските средства при исплатата на надоместокот за лицето , при реализација на проектот „Модерна бајка“ во НУ-Гостиварски театар-Гостивар.

**10.2.** Врз основа на горенаведената документација доставена од страна на НУ-Гостиварски театар-Гостивар, уврдено е дека лицето бил ангажиран за повеќе проекти како **дизајнер, фотограф и снимател** и тоа за: претставата **„Чорба од канаринец“** во режија на , претставата **„Карантина“** од автор Жан Пиер Мартинез, претставата **„Не се обложувај на англичаните“** од автор Владимир Ѓурѓевиќ, а во режија на претставата **„Човек кој ја видел смрта со свои очи“** од автор претставата **„Маниак“** од автор претставата **„Слуга на два патрони“** од автор режија , претставата **„Цилиндар“** од автор режија

За горенаведените проекти во прилог се доставени авторски договори, образец за оперативен и финансиски план, образец за наративен и финансиски извештај и банкови изводи за исплата на лицето за ангажирање дизајнер, фотограф и снимател.

Во прилог е доставена Изјава од директорот за ангажманот на лицето во Гостиварскиот театар во која е наведено дека лицето ги има реализирано дизајнот на постерот, фотографијата, снимањето на претставите и монтажа и дека е еден од најдобрите дизајнери во земјата, работи за американска компанија и е ангажиран како предавач на Универзитетот на Југоисточна Европа, режисерите што се ангажираат во Театарот на Гостивар го бараат како дел од екипата, бидејќи е докажан со висок квалитет на работа. Тој е ангажиран повеќе пати и од тетарот во Тетово, како и од НУ-Албански театар во Скопје. **Во изјавата на директорот е наведено дека Управниот одбор нема никаква надлежност да одлучува за дизајнерот, исто тоа важи и за сценографот, костимографот, композиторот итн., дека тие се предлог/барање на режисерите.**

Во прилог е доставено и Известување од „Мотиви“ за корекција на договорот бр.03-1302 од 02.12.2024 и фактура 1223/24 од 02.12.2025 г., каде е наведено ангажирање на лицето за дизајн на постер, изработка на фотографии и *режија* на претставата „Цилиндер“, а точниот опис на услугата е ангажирање за дизајн на постер, изработка на фотографии и *снимање* на претставата „Цилиндар“. Со што во прилог е доставен и авторски договор за режија на претставата „Цилиндар“ од страна на режистерот бр. 03-1283 од 28.11.2024г., Ф-ра 1204/24 во износ од 295.000 денари, Банковен извод бр.23 од 05.12.2024 г., Банковен извод бр.28 од 17.12.2024 г., и Банковен извод бр.27 од 15.07.2025г.

Во прилог е доставено и Известување од Мотиви за корекција на договорот бр.03-1262 од 25.11.2024 и фактура 1185/24 од 25.11.2025 г., каде е наведено ангажирање на лицето за дизајн на постер, изработка на фотографии и *режија* на претставата „Слуга на два патрони“, а точниот опис на услугата е ангажирање за дизајн на постер, изработка на фотографии и *снимање* на претставата „Слуга на два патрони“, со што во прилог е доставен и авторски договор за драмски автор на претставата „Слуга на два патрони“ од страна на режистерот бр.03-1066 од 31.10.2024 г. и фактура бр.1087/24 од 01.11.2024 г., на износ од 240.000 денари и извод од буџетска сметка бр.14 од 05.11.2024 година, извод бр.24 од 06.12.2024 и извод бр.30 од 23.12.2024 г.

-Во поглед на горенаведената документација доставена од страна на Гостиварскиот театар-Гостивар, уврдено е дека лицето бил ангажиран како автор, режија и актер за проектот „Современи приказни од Езоп“, со што во прилог е доставен Авторски договор бр. 03-541 од 22.07.2025 година на бруто износ од 276.750 денари; Фактура бр. 541/25 од 17.07.2025 г., за автор, режија и актер на претставата „Современи приказни од Езоп“, Извод од буџетска сметка бр. 28 од 29.07.2025 година за прва уплата по Ф-ра 541/25 на износ од 138.375 денари; Решение за преведување на средства на корисникот НУ Гостиварски театар, бр. 20-1750/5 од 08.07.2025г., за прва исплата за претставата „Современи приказни од Езоп, Образец за наративен и финансиски план од 30.06.2025г., Образец за наративен и финансиски извештај бр. 05-151/1 од 24.11.2025г., и барање за плаќање за доисплата на Фактура бр.541/25 од 17.07.2025 во износ од 138.375 денари.

Во прилог е доставена Изјава од директорот за ангажманот на лицето во Гостиварскиот театар во која е наведено дека лицето е еден од младите поливалентни уметници, пишува, глуми, пее и


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

според мислење на директорот, ќе биде иднината на театарот не само во Гостивар туку и пошироко. Претставата „Современа бајка“ е успешна едукативна претстава која е прикажана и во Кичево, а се очекува да се прикаже и на други места. Во изјавата на директорот посочува, дека лицето и други млади како што е кој е исто ангажиран во истата претстава, му се потребни на театарот бидејќи му носат додадена вредност.

**10.3.** За време на инспекцискиот надзор во НУ Гостиварски Театар- Гостивар за проектот-претставата „Цилиндар“, беше доставен оперативен план бр.05-130/2 од 13.11.2024 г., во којшто во делот трошоци точка 7 е предвиден надомест за лицето за постер, снимање и фотографирање во износ од 115.000 денари, додека во доставениот Образец за наративен и финансиски извештај бр. 05-98/1 од 30.06.2025 година, истата точка за изработка на дизајн, постер за лицето Виган Демири по договор бр. 03-1302 од 02.12.2024, и Ф-ра. бр.1223/24 од 03.12.2024г., е исплатено 62.000 денари, при што додадена е уште една точка 8, надомест за лицето за ангажман за изработка на графика, снимање и монтажа на видео за проектирање како дел од сценографијата за претставата „Цилиндар“ по договор бр.03-1347 од 16.12.2024г., и ф-ра.бр. 1293/24 на износ од 65.000 денари.

Оттука, при надзорот е утврдено дека наместо 115.000 денари за постер, снимање и фотографирање, како што е предвидено во Оперативниот план, Гостиварскиот театар исплатил средства во вкупен износ од 127.000 денари, за дизајн, постер и фоторафија за и изработка на графика, снимање и монтажа на видео за проектирање за односно **12.000 денари** повеќе од предвиденото во Оперативниот план.

Според изјавата на директорот , лицето било дополнително ангажирано со договор заради графика и монтажа, односно за комбинирани специјални видео графички ефекти, во комбинација со сценски елементи – сув мраз, реквизити, што значи дека исплатениот надомест не е за истата работа за којашто бил ангажиран

Врз основа на доставената документација за проектот – претстава „Цилиндар“ може да се утврди дека во Образецот за наративен и финансиски извештај бр. 05-98/1 од 30.06.2025г., се наведени и други трошоци коишто не се предвидени со Оперативниот план бр. 05-130/2 од 13.11.2024 г., и тоа за **материјални трошоци за**


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

**канцелариски материјали, сервисирање ПП апарати, пошта, телефон, одржување на веб страница, оглас, програмирање** (во вкупен износ од **99.934 денари)**, како и **трошоци за храна, пијалаци и коктел**, во вкупен износ од **34.533 денари** коишто претходно не биле предвидени во Оперативниот план, и тоа следните фактури:

- Центар Деликатес два бр.001/996-22 од 13.02.2025 на износ од 7.707 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-24 од 17.02.2025 на износ од 3.556 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-23 од 14.02.2025 на износ од 506 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-21 од 12.02.2025 на износ од 2.146 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-97 од 26.05.2025 на износ од 2.114 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-99 од 27.05.2025 на износ од 4.783 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-98 од 27.052025 на износ од 1.922 денари,
- Центар Деликатес два бр.001/996-96 од 26.05.2025 на износ од 599 денари,
- Елите -ТШ Дооел експорт импорт Гостивар - угостителски услуги за коктел Ф-ра бр.05/2025 од 27.05.2025 на износ од 11.200 денари.

Според изјавата на директорот исплата на средства за материјални трошоци од средствата за проекти е вршено поради тоа што за 2025 година самото Министерство нема доделено средства за таа намена, а сопствените приходи на Гостиварскиот театар се многу мали за да се покријат сите трошоци за материјални трошоци. Според вработените во Секторот за дејности од областа на културата на МКТ, на Гостиварскиот театар веќе неколку години не му се преведуваат средства за материјални трошоци, поради што такви трошоци, во помал износ им се признаваат како трошоци за реализација на проекти, поради што и при инспекцискиот надзор, трошоците за **материјални трошоци во вкупен износ од 99.934 денари не беа утврдени како ненаменски.**

Според изјавата на директорот, во однос на трошоците за храна, пијалаци и коктел (од коишто има и испратници половина година пред премиерата на претставата), наведениот износ како коктел ја вклучува и храната која се употребува за време на пробите и за време на претставата која ја конзумираат сите 9 актери, а пробите на претставата се започнати од април 2024 г., и се прекинати поради временските

услови (немање греење), поради тоа сметките се од различни датуми. **Меѓутоа, храна, пијалаци и коктел (што подразбира и набавка на алкохолни и безалкохолни пијалаци и храна, како што се наведени во фактурите) не спаѓаат во материјални трошоци за работа на националните установи, што е наведено и во обрасците на МКТ за извештаи за материјални трошоци за работа на националните установи за секоја година.** Храна, пијалаци и коктел за премиера е трошок којшто мора да биде наведен во оперативниот план за реализација на проектот и истиот да биде одобрен од страна на МКТ. Имено, оперативните и финансиски планови за реализација на проектите, како составен дел на договорите со МКТ, се доставуваат до МКТ со цел да се следи и контролира наменското користење на буџетските средства при реализација на проектите. Меѓутоа, во конкретниот случај, видно од доставениот Извештај за реализација на проектот „Цилиндар, Гостиварскиот театар **ненаменски потрошил средства во вкупен износ од 34.533 денари за храна, пијалаци и коктел којашто не е предвидена во Оперативниот план.**

**Врз основа на горе констатираната фактичка состојба, при вонредниот инспекциски надзор:**

**-Утврдени се неправилности во работењето на субјектот на надзорот.**

1. Од средствата наменети за реализација на проектот/претстава „Цилиндар", спротивно на предвиденото во Оперативниот и финансиски план бр.05-130/2 од 13.11.2024 г., Гостиварскиот театар ненаменски потрошил средства во износ од 46.533 денари (34.533 денари за храна, пијалаци и коктел и 12.000 денари се исплатени за договори со надворешни соработници, над одобреното со Оперативниот план за постер, снимање и фотографирање), **со што е сторен прекршок по член 70-а став (4), а што е казнив по член 91-а став (1) алинеја 7 и став (2) од Законот за културата.** Имено, во Оперативниот и финансиски план воопшто не се предвидени средства за храна, пијалаци и коктел, додека за постер, снимање и фотографирање се предвидени 115.000 денари, додека Гостиварскиот театар потрошил 127.000 денари. Оперативните и финансиски планови за реализација на проектите, како составен дел на договорите со МКТ, се доставуваат до МКТ со цел да се следи и контролира наменското користење на буџетските средства при реализација на проектите. Согласно со обврската од член 12 став (2) од Договорот со МКТ, Установата има обврска писмено да го информира МКТ за евентуалните измени и дополнувања на износот и на намените на средствата за реализацијата на проектот, по што мора да се добие


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

согласност од МКТ и да се склучи анекс кон договорот, а тоа во конкретниот случај не е сторено.

**За гореутврденото ќе биде презвемена следната инспекциска мерка:**

**- за ненаменско користење на буџетските средства добиени од МКТ во вкупен износ од 46.533 денари, со што е сторен прекршок по член 70-а став (4), а што е казнив по член 91-а став (1) алинеја 7 и став (2) од Законот за културата инспекторот ќе му предложи на директорот Сулејман Рушити, како одговорно лице во правното лице постапка за порамнување, со изрекување на глоба за сторен прекршок преку издавање на прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд согласно со Законот за прекршоците (доколку глобата не биде платена).**

Составен дел на Записникот е Прекршочниот платен налог ИП 1 бр. 57-75 од 23.12.2025 г. за , како одговорно лице во правното лице.

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на СУИН на МКТ во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________________________________________


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис и печат на претставникот на субјектот на надзор: директор | | Потпис и печат и на инспекторот за култура: Дарко Аџиевски | |
| Датум: | ___.12.2025 г. | Датум: | 23.12.2025 г. |

**Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.**

---

**Прилог:** Прекршочен платен налог за одговорно лице во правното лице ИП 1 бр. 57-75 од 23.12.2025 г.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

